# ЗА НОВАЦИ
# ГАРАНТИРАМЕ

## СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани пријатели, драги сограѓани!

Нашата општина е нашиот заеднички дом, нашето секојдневие, тоа е нашиот живот. Од сите нас зависи каква иднина ќе градиме и во каква општина ќе ги градиме работите што ни се важни. Изборите кои следуваат носат одлука за тоа колку ќе напредуваме, колку ќе одбереме надеж за големи чекори, а нам ни се потребни токму такви големи чекори кои ќе ги решат проблемите од нашето секојдневие. Општина без кал, со нови асфалтирани улици, нови сообраќајни решенија, нови паркови, игралишта, нова перспектива за сите генерации. Да вложуваме во спортот, да ја негуваме културата! Сите заедно да создаваме услови и за економски развој. Да не се троши времето на политички опции кои забораваат на народот зашто чистиот образ мора да се зачува, исто како и достоинството што лесно се губи, но тешко се заработува. Јас сакам да ме гледате како вашиот човек во системот, кој заедно со вас ќе ги менува работите на подобро. Ветувам работа и беспоштедна битка за повеќе резултати. Заедно сме силата која ќе донесе промени. Заеднички да создаваме промени, да градиме проекти и да носиме победи. Заедно да создаваме нова иднина!

Со почит,

Стевче Стевановски

# 2. ТОП 10 ПРОЕКТИ

1. Секундарна гасификациска мрежа за домаќинствата и фирмите и поврзување со примарниот гасовод кој поминува низ Општина Новаци;
2. Изградба на систем за наводнување од акумулацијата „Суводол“кој опфаќа близу 400 хектари во атарите на селата Новаци и Добромири;
3. Проектирање и изградба на мини акумулации и обезбедување вода за наводнување на земјоделските површини;
4. Изградба на бушотини и артерски бунари за обезбедување вода за наводнување на земјоделски површини со обезбедување електрична енергија до истите;
5. Канализациони мрежи за селата, Долно Агларци, Горно Агларци, Добромири, Далбеговци, Гермијан, Бач и Рибарци;
6. Субвенционирање од страна на општината за подигнување насади и засејување на специфични земјоделски култури, еколошко органско производство со цел преориентирање на индивидуалните земјоделци кон поконкурентно и подоходовно земјоделско производство;
7. Субвенционирање за купување на опрема за наводнување со цел постигнување на повисоки и поквалитетни приноси на земјоделското производство;
8. Изградба на скејт-парк и патека за адреналински спортови и фитнес справи во склоп на спортската сала и повеќенаменското игралиште во Новаци;
9. Уредување на кејот на Река Црна на потегот до манастирот „Рождество на Пресвета Богородица“ во с.Новаци и изградба и уредување на патеката од с. Новаци до мостот на река Црна;
10. Субвенции за изведба на термо фасади и субвенционирање на дел од вредноста за купување на климатизери, согласно финансиските можности на општината.

## ТОП 3 ПРОЕКТИ ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА

- **СУБВЕНЦИИ ЗА ИЗВЕДБА НА ТЕРМО ФАСАДИ;**
- **СУБВЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КЛИМА УРЕДИ;**
- **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА ПОДИГАЊЕ НАСАДИ И ЗАСЕЈУВАЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ, ЕКОЛОШКО ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО СЕ СО ЦЕЛ ПРЕОРИЕНТИРАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ КОН ПОКОНКУРЕНТНО И ПОДОХОДОВНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО.**



# 3. ПОЛИТИКИ И ВИЗИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Општините играат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој. Нивното работење во насока на реализацијата на проекти и привлекување на инвестиции во локалната економија е пресудно за создавање на локален економски раст и развој, создавање нови работни места и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население.

Со процесот на децентрализација, локалната самоуправа доби нов квалитет. Граѓаните остваруваат непосредна комуникација со локалната власт преку која нивните потреби треба да бидат задоволени соласно можностите и приоритетите во општината. Ваквата комуникација е неопходна и претставува гаранција за успешна работа , која се изразува преку задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги, поефикасната администрација, поголема локална демократија, засилен локален економски развој итн.

Сите општини во РМ се различни според своите географски карактеристики, историски и традиционални вредности, природни и човечки ресурси. Мали или големи, со поголеми или помали финансиски средства, општините имаат различни можности, но подеднакво голема желба за успех и напредок. Затоа тие денес се во постојан натпревар. Конкуренцијата на идеи и позитивни практики охрабрува и отвора перспективи, при што тие идеи треба да се преточат во проекти чија реализација суштински ќе го подобри квалитетот на животот на граѓаните.

Соработката со централната власт и меѓуопштинската соработка се значајни инструменти за поголем развој на општините и надминување на сопствените граници. Токму затоа е значајно за инвестициите кои ги надминуваат финансиските можности на општината, да постојат добро изработени проекти со кои ќе се аплицира пред централната власт и меѓународните финансиски институции;

Воедно, општините треба да ги препознаат заедничките потреби и интереси и да настапуваат со заеднички идеи, да ги здружат ка-



пацитетите и да соработуваат, за да ги исполнат очекувањата на граѓаните. Заедничкото настапување пред европските фондови со општини од соседните држави придонесува подобро запознавање на меѓусебните обичаи, верувања, потреби, традиции, видувања и размислувања. Проектните средства кои ги нудат ЕУ, Светската банка и други меѓународни партнери, се моќна алатка за реализација на значајни проекти. Пример за тоа се средствата од ЕУ и ИПА фондовите, при што општините се клучни субјекти во процесот на користење на овие средства.

На следните страници од мојата програма , почитувани сограѓани можете да ги прочитате предлог-проектите кои ви ги нудам како градоначалник од ВМРО ДПМНЕ а кои сметам дека вистински ќе допринесат за развојот и просперитетот на Општина Новаци.

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со доаѓањето на власт на ВМРО – ДПМНЕ локалната власт ќе биде фокусирана на локалниот економски развој и градење партнерство со бизнис секторот за остварување на интересите на граѓаните.

За да се оствари повисок економски раст, главниот импулс мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што само тој може да создаде продуктивни нови работни места и економска благосостојба на долг рок.

Со проектите во оваа програма сакам да овозможиме поттикнување на економскиот и општествениот развој во руралните средини, спречување на миграцијата, креирање на нови работни места и зголемување на економската активност во руралните подрачја.

Нашите најважни проекти во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ГАСИФИКАЦИЈА НА НОВАЦИ:

Ќе продолжиме со проектот гасификација на Општина Новаци, односно изработка на целокупната проектна документација за секундарна и терцијарна мрежа и приклучување на примарниот гасовод кој поминува низ општина Новаци.

Со тоа ќе се овозможат пониски трошоци за греење за домаќинствата и за компаниите, како и пониски трошоци за енергенси на производствените капацитети и заштита на животната средина;

## ПРОЕКТ „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“ВО НОВАЦИ:

Целосно инфраструктурно решение за индустриската зона во с. Новаци со парцелизација и обезбедување на целокупната инфраструктура (пристапен пат, снабдување со вода, струја и сл.), со цел привлекување на домашни и странски инвеститори за побрз економски развој ;

## ПРОЕКТ „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“ ВО ГЕРМИЈАН:

Целосно инфраструктурно уредување на парцела во атарот на с. Гермијан со што ќе создадеме услов за привлекување на нови индустриски капацитети, со цел вработување на жителите од селата кои гравитираат кон јужниот дел од Општина Новаци;

## ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА НОВАЦИ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ :

Општинската власт предводена од ВМРО – ДПМНЕ ќе работи на директна промоција на Општина Новаци, при што градоначалникот и општинската администрација директно ќе контактираат со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентираат предностите кои ги нуди нашата општина;

## ПРОЕКТ „ВЕТЕРНИЦИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ“

Ќе се насочиме кон обновливите извори на енергија. Општина Новаци во соработка со експерти и заинтересирани инвеститори ќе изработи студија за поставување на ветерници на територијата на Општина Новаци.

Исто така, во рамките на своите надлежности, општината ќе им овозможи услови на заинтересираните домашни и странски инвеститори за изградба на фотоволтаични електрани на територијата на општина Новаци.



# 4. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Една од основните задачи на локалната самоуправа е грижата за правилен урбан развој, одржување на ред и воспоставување на соодветна структура на населените места. Урбанистичкото планирање е континуиран процес на изработување, донесување и спроведување на просторен план и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и да се заштити и унапреди животната средина и природата.

**Изработката на урбанистички планови за селата во Општина Новаци** е еден од основните приоритети.

Наши проекти од областа на **Урбанизмот** се следните:

## УРБАНИЗАЦИЈА НА ПОГОЛЕМИТЕ СЕЛА И ПОДГОТОВКА НА УП ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И УП ЗА ИНДУСТРИСКИ КАПАЦИТЕТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА НОВАЦИ, ОДНОСНО ЗА ОНИЕ ЗА КОИ ДОСЕГА ИСТОТО НЕ Е НАПРАВЕНО:

Ќе бидат изработени урбанистички планови за следните села:- Новаци, Добромири, Бач, Далбеговци, Горно Агларци, Долно Агларци и Гермијан, додека општи урбанистички акти ќе бидат донесени за следните села: Будимирци, Скочивир, Маково, Рапеш, Живојно, Добровени, Тепавци и Сливица.

Ќе се развиваат и урбанистички планови за индустриските капацитети и урбанистички планови во и надвор од населените места од општината;



# 5. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија.Токму затоа во новиот мандат општинската администрација ќе биде насочена кон превенција на непрописно постапување со отпадот и шутот, едукација на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, како и мерки за загадувачите на средината во која живееме.

Нашите најважни проекти, во функција на **заштита на животната средина** во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ:

Вршење на континуиран оперативен мониторинг на водите што ги обезбедуваат изворите за водоснабдување на Општина Новаци, утврдување на квалитетот и квантитетот на подземните води;

## ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ :

Утврдување на концентрација на тешки метали во разни делови на растителите форми (овошје,зеленчук, грозје, градинарски култури и житарици) наменети за исхрана и производство на прехранбени продукти во Пелагонискиот регион;

## РЕГИСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ :

Добивање на релевантни податоци за загадувачите на територијата на Општина Новаци. Прибирање и обработка на податоци, создавање на критериуми за класификација на загадувачи и објава на веб страната на општината;

## СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ ОСОБЕНО ИНДУСТРИИТЕ РЕГИСТРИРАНИ КАКО ЗАГАДУВАЧИ :

Подобро организирана и редовна соработка помеѓу општината, граѓанскиот сектор и индустриите регистрирани како загадувачи, за да се воспостави стратегиска и интерсекторска интервенција за намалување на загадувањето и заштита на животната средина;

### СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ДОБИВАЊЕ НА А ДОЗВОЛА И МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.:

Мониторинг на обврските кои произлегуваат од издадените Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина. Мониторинг на одобрувањето на елаборати за заштита на животната средина, односно прибавување стручни мислења во врска со елаборати за животна средина и Б интегрирани еколошки дозволи;

### СОРАБОТКА СО РЕК БИТОЛА

и интервенција за реконструкција на електростатските филтри во сите блокови, како и следење на управувањето со отпад во поголемите претпријатија;

### УРЕДУВАЊЕ НА КАНАЛИ И СОБИРАЊЕ НА РАСТИТЕЛНИТЕ ОСТАТОЦИ И НИВНА УПОТРЕБА ЗА ГОРЕЊЕ;

### СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ОД СТРАНА НА ОПШТИНАТА НА ЕКОЛОШКО ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ;

### ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА И ОДВОДНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ОСТАНАТИТЕ СЕЛА;

### ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ (ГРАДЕЖЕН И КОМУНАЛЕН ОТПАД):

Редовно чистење на дивите депонии во селата Новаци, Гнеотино, Рибарци, Гермијан, Горно Агларци, Добромири и превенција од нивно повторно создавање;

### АКЦИИ ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА НА ОПШТИНА НОВАЦИ:

Со овој проект предвидени се акции за пошумување на околината во Општина Новаци. Ќе бидат превземени активности за пошумување и оформување на зелен појас околу комбинатот РЕК „Битола“ и рударскиот коп во Брод. Со ова ќе бидат заштитени жителите на општината и земјиштето од околните села од наноси на јагленова прашина. Оваа активност ќе биде реализирана во соработка со РЕК „Битола“.

## ПОШУМУВАЊЕ НА РИДОТ КАЈ МЕГЛЕНЦИ:

Проектот за пошумување на ридот кај Мегленци и Арматуш. Со овој проект во голема мера ќе го неутрализираме загадувањето кое е предизвикано од јагленовата прашина од РЕК „Битола“;

## ЧИСТЕЊЕ НА ПАТИШТАТА ОД ДРВЈА И ВЕГЕТАЦИЈА ВО ЦЕЛА ОПШТИНА НОВАЦИ.



# 6. КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Одржувањето на јавната чистота, обезбедувањето на комунална инфраструктура, чистењето и овозможувањето подобар изглед на општината,како и благовремено решавање на проблемите на граѓаните преку изградба на водоснабдителни и канализациски системи, создаваат услови за поздрава и почиста животна средина;

### ИЗГРАДБА НА РЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА

во еден дел од рудникот за лигнит „Суводол“, каде рударските активности се запрени долг период station наназад. Реализацијата на проектот предвидува исполнување на европските стандарди за заштита на животната средина и населението , а притоа ќе даде можност за отворање на нови работни места за жителите на Општина Новаци.

## 6.1. ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Ќе направиме максимални напори проблемите со водоснабдувањето да бидат надминати и во сите места да се доизградат или модернизираат изградените водоводи, со цел да се обезбеди чиста вода за пиење на локалното население од Општина Новаци. Наши приоритети се :

- Изградба на водовод во с. Мегленци;
- Изградба на цефковод за водоснабување на с. Добровени;
- Изградба на мини акумулации во селата: Гнеотино Брод, Арматуш, Грумази, Орле, Долно Орехово, Мегленци, Маково, Рапеш, Старавина и Тепавци.Овие мини акумулации ќе служат за собирање на вода, а се наменети за напојување на добитокот и за наводнување;
- Подобрување на водоснабдувањето во селата: Градешница, Арматуш и Грумази обезбедувајќи поиздашни извори на вода со цел надминување на проблемот од недостиг на вода;
- Изградба на брана на река Строшница за обезбедување вода за селата Скочивир, Добровени и Сливица, во соработка со централната власт и меѓународните финансиски институции;
- Изградба на чешма во с.Долно Агларци кај ракометното игралиште;

- Обновување на селската чешма во с. Мегленци и изградба на водовод во ова населено место;
- Изградба и уредување не чешма во центарот на с. Добромири.

## 6.2. КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Еден од поголемите проблеми во Општина Новаци е управувањето со отпадните води. За таа цел наши приоритети ќе бидат изградба на канализациски мрежи во следните населени места :

- Проект „Изградба на фекална канализациска мрежа во населено место Бач";
- Проект „Изградба на фекална канализациска мрежа во населено место Добромири";
- Проект „Изградба на фекална канализациска мрежа во населено место Рибарци"
- Проект „Изградба на фекална канализациска мрежа во населено место Гермијан";
- Проект „Изградба на фекална канализациска мрежа во населено место Далбеговци";
- Проект „Изградба на фекална канализациска мрежа во населените места Горно и Долно Агларци";
- Проект „Изградба на фекална канализациска мрежа во населено место Живојно".

Во сите овие населени места не постои канализациска мрежа, така што отпадните води истекуваат слободно по површината на теренот, а дел од отпадните води се прифаќаат во примитивно изградени септички јами без прелив. Таквата состојба претставува потенцијален извор на епидемиолошки заразни заболувања кај населението. Фекалната канализациска мрежа е предвидена да биде од сепаративен тип, без прифаќање на атмосферските води. Сите отпадни и фекални води ќе се прифаќаат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори и понатаму до пречистителна станица;

### ➤ САНАЦИЈА НА МОСТОВИТЕ НА РЕКА ЕЛЕШКА ВО СЕЛАТА БАЧ, БРОД И ГЕРМИЈАН И САНАЦИЈА НА ВЛИВОТ ВО РЕКА ЦРНА:

Во новиот мандат ќе биде реализирана санација на мостовите на река Елешка во селата Бач, Брод и Гермијан и санација на вливот во река Црна;

### ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРОТОК НА ЧИСТА ВОДА ВО ПОРОЈОТ ГЕРМИЈАН:

Од причина што поројот во Гермијан е во мошне незавидна состојба ќе обезбедиме постојан доток на чиста вода во истиот. Со ова ќе се надмине проблемот со слевањето на фекалните материии во каналот, а ќе се спроведе и детално чистење од обраснатата вегетација.

## 6.3. УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

### УРЕДУВАЊЕТО НА ТРОТОАРИТЕ

во населените места: Новаци, Далбеговци, Горно и Долно Агларци, Добромири, Рибарци, Бач, Гермијан, Живојно и Гнеотино;

### ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ПОМЕЃУ ГОРНО И ДОЛНО АГЛАРЦИ:

Изградбата на оваа пешачка патека помеѓу селата Горно и Долно Агларци до училиштето во Горно Агларци е значајна за безбедноста при движење на учениците;

### ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА НА ПОТЕГОТ ВЛЕЗ ВО НОВАЦИ – МОСТ НА РЕКА ЦРНА:

Изградбата на оваа патека ќе ја зголеми безбедноста при движењето на пешаците, ќе претставува уредено, модерно место на влезот во Новаци и заокружена рекреативна зона со уредениот кеј на река Црна до манастриот „Рождество на Пресвета Богородица“;

### ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ

во сите села на територија на Општина Новаци: Новаци, Далбеговци, Горно и Долно Агларци, Добромири, Рибарци, Живојно, Гермијан, Бач, Брод, Рапеш, Маково, Старавина, Скочивир, Зовик, Гнеотино, Арматуш, Мегленци и др.

## 6.4. УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Квалитетот на животната средина и природата се огледало на секоја држава, на секој град, секоја општина. Преку нивното негување, се создаваат услови за здрав живот на сите граѓани. Планирано е хортикултурно уредување на парцели и површини покрај пешачки патеки со зимзелени и листопадни дрвја и цветни растенија.

### УРЕДУВАЊЕ НА КЕЈОТ НА РЕКА ЦРНА НА ПОТЕГОТ ДО МАНАСТИРОТ „РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ ВО НОВАЦИ:

Со овој проект ќе направиме модерно уреден кеј со клупи и канделабри, катче за рекреација и дружење кое ќе претставува модерно поврзување со манастирот;

### ИЗГРАДБА НА КРСТ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАРБОЛ ВО С. ГЕРМИЈАН;

### ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРОТ ВО ЦРКВАТА ВО С. ДАЛБЕГОВЦИ;

### ОГРАДУВАЊЕ НА ЦРКВАТА ВО С. ДОБРОМИРИ;

### ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРК ВО С. ДОБРОМИРИ.



# 7. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Важен предуслов за економскиот развој на една земја е добра патна инфраструктура.Затоа во Општина Новаци неопходна е понатамошна реализација на јавни инвестициски проекти од областа на патната мрежа и транспортот.

Општина Новаци во следните 4 години ќе изврши реконструкција на следните локални патишта:

- Изградба на локалниот пат Долно Орехово – Грумази во должина од 3,8 км. во соработка со централната власт и меѓународните финансиски институции;
- Рехабилитирање и асфалтирање, како и одржување на улици во сите населени места на територијата на општината: Новаци, Далбеговци, Добромири, Горно и Долно Агларци, Рибарци, Бач, Гермијан, Живојно, Старавина, Рапеш, Зовиќ, Маково, Градешница;
- Асфалтирање на локален пат во с. Будимирци водолжина од 1,5 км.;
- Асфалтирање на патот до манастирот „св.Илија“ во с. Градешница во должина од 2 км и проширување на мостот кај манастирот;
- Асфалтирање на улица во с.Мегленци во должина од 400 метри;
- Асфалтирање и одржување на улици во сите населени места на територијата на Општина Новаци со средства обезбедени од Бирото за рамномерен и регионален развој на недоволно развиени подрачја на РМ;
- Тампонирање и одржување на локални патишта во сите населени места на територијата на Општина Новаци: Тепавци, Грумази, Ивени, Будимирци, Брод, Груништа, Гнилеж, Брник, Брод, Веласело, Живојно, Зовиќ, Совиќ, Сливица, Живојно, Паралово, Скочивир, Маково, Рапеш, Арматуш, Мегленци, Старавина, Градешница и други.



# 8. ОБРАЗОВАНИЕ

Вложувањето во образованието претставува капитална инвестиција.

ВМРО–ДПМНЕ цврсто верува дека вложувањето во образованието е вложување во најзначајниот ресурс за земјата – човечкиот капитал. Вложувањето во образованието е вложување во иднината на нашите деца и нивно формирање како квалитетни и високообразовани граѓани – подготвени за современите предизвици.

Ќе се залагаме за континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар со цел постигнување на образовната визија за квалитетна настава, партнерски однос со семејството на ученикот, како и меѓусебно почитување.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ➤ ПРОЕКТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА“ :

Заради обезбедување на квалитетни просторни услови за одвивање на наставата тековно ќе реконструираме дел од училишната инфраструктура во Општина Новаци.

Ќе извршиме реконструкција на ЦОУ „СлавкоЛумбарковски“ во Новаци како и на подрачните училишта во селата: Горно Агларци, Добромири, Гермијан, Бач, Живојно, Рапеши Рибарци;

## ➤ ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА И УЧИЛИШНИТЕ КАБИНЕТИ:

Во насока на обезбедување на квалитетна практична настава, ќе ги доопремиме училиштата со потребните наставни материјали и алатки .

- Обезбедување на 3 смарт табли за потребите на учениците во ЦОУ „Славко Лумбарковски“ Новаци;
- Формирање мали библиотеки со лектири и други корисни книги, речници и енциклопедии во сите подрачни училишта;
- Опремување на кабинет по биологија и хемија во Новаци;
- Нови тоалети во централното училиште во Новаци;
- Уредување на училишните дворови во сите училишта со клупи за одмор;



- Отворање кујна со здрава храна во училиштето во Новаци;
- Изградба на сопствено затоплување на спортската сала во Новаци;
- Набавка на нови столчиња и масички, компјутери, нагледни средства, телевизор и друга опрема за дневниот престој.

# 9. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Единиците на локалната самоуправа како главни носители на социјалната заштита се одговорни за основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми. Започнатите процеси на децентрализација во областа на социјалната заштита отвораат бројни можности за уште поактивна улога на општинските власти, во процесот на креирање на локални стратегии и програми за социјално вклучување на граѓаните за кои тоа е потребно.

Со добивање на Вашата доверба како нова локална власт во Општина Новаци, ќе се залагаме за мобилизирање на сите актери на локално ниво, со цел обезбедување социјална превенција, зголемување на социјалната заштита и социјално вклучување на ранливите категории граѓани.

- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ НА СТАРИТЕ ЛИЦА ПРЕКУ РАЗВОЈ НА СЕРВИСНИ СЛУЖБИ ЗА НИВ;**
- **ШИРЕЊЕ НА МРЕЖАТА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИ И ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНИ ОБЛИЦИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ, ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА, КАКО И ДЕЦАТА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈА ОД МОЖНИ СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ.**

Во таа насока, ќе ги реализираме следните проекти од областа на социјалната заштита:

### ИЗГРАДБА НА СТАРЕЧКИ ДОМ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ПРЕКУ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО:

Општина Новаци активно ќе бара приватен инвеститор за изградба на Дом за стари лица во општината. Во таа насока ќе подготвиме студија за јавно-приватно партнерство, со цел да се презентира овој проект и истиот да се реализира во зависност од заинтересираноста на потенцијалните инвеститори. Со изградбата на старскиот дом, ќе се овозможи сместување, згрижување и достоинствен живот на старите лица;

### ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УЧИЛИШТЕН ПРИБОР ЗА ДЕЦАТА ОД НАЈЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА:

Општина Новаци ќе обезбеди училиштен прибор за децата од најзагрозените семејства - корисници на социјална помош;

### ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВА ПОГОДЕНИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ КАТАСТРОФИ

Ќе обезбедиме еднократна парична помош за семејства од Оопштина Новаци, погодени од елементарни катастрофи. Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци;

### ИЗГРАДБА НА КАПЕЛИ ВО СЛЕДНИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА: ДОБРОМИРИ, ДАЛБЕГОВЦИ, РИБАРЦИ И БАЧ.



# 10. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Земјоделството и аграрната политика се меѓу главните приоритети на ВМРО. Селото и земјоделското производство отсекогаш биле стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем развој.

Ќе имаме отворен дијалог со земјоделците за решавање на нивните проблеми во делот за кој е надлежна општината. Ќе посветиме особено внимание кон оваа стопанска гранка затоа што е една од најзначајните за нашата општина и со проектите што ќе ги реализираме,ќе го подобриме животот на нашите земјоделци.

## СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ОД РЕКА КОЊАРКА:

Изработка на студија за изградба на систем за наводнување на 3000 хектари плодно земјиште во селата: Бач, Живојно, Брод и Скочивир од река Коњарка. Реализација на проектот во соработка со централната власт и меѓународните финансиски институции;

## СИСТЕМОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ОД АКУМУЛАЦИЈАТА СУВОДОЛ:

Со овој проект во оваа прва фаза опфаќаме близу 400 хектари во атарите на селата Новаци и Добромири.Проектот претставува грант од ИПА на ЕУ;

## ПРОШИРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ОД АКУМУЛАЦИЈАТА СУВОДОЛ ВО АТАРИТЕ НА ДРУГИТЕ СЕЛА КАДЕ Е ТОА ВОЗМОЖНО:

После изградбата на првата фаза од системот за наводнување од акумулацијата Суводол, во наредниот период ќе пристапиме кон проширување на истиот во атарите на селата Рибарци, Горно и Долно Агларци;

## ИЗГРАДБА НА БУШОТИНИ И АРТЕРСКИ БУНАРИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОВРШИНИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ДО ИСТИТЕ:

Секаде каде што не постојат услови да се изгради хидросистем за наводнување, ќе пристапиме кон изградба на бушотини до кои ќе биде обезбедена електрична енергија. Со овој проект во голема мера ќе придонесеме кон обезбедување на сигурно и стабилно

земјоделско производство, а исто така ќе ги мотивираме земјоделците да преминат кон производство на подоходовни култури каде од единица површина ќе постигнат поголем економски бенефит;

## РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНАЛОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО С. ЗОВИЌ:

Веќе пстоечкиот канал кој служел за наводнување во с.Зовиќ ќе биде рехабилитиран и осовременет. Средствата ќе бидат обезбедени во соработка со централната власт и меѓународните финансиски институции;

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО:

Субвенционирање од страна на општината за подигање насади и засејување на специфични земјоделски култури, еколошко органско производство, брендирање на производите со цел преориентирање на индивидуалните земјоделски стопанства кон поконкурентно и подоходовно земјоделско производство;

## ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА НОВИ СТОЧАРСКИ БИЗНИСИ:

Општината особено ќе ги поддржи иницијативите за започнување на нови сточарски бизниси во делот на говедарството, овчарството и козарството. Општината ќе обезбеди водопоила за напојување на стоката, помош околу подготовката на потребната документација со која се аплицира за користење средства од ИПА програмите и давање бесплатна едукација за сточарите кои сакаат да започнат свој бизнис.

## ПРОЕКТ: „ПОЛСКИ ПАТ“:

Со изградба на повеќе полски патчиња во населените места од Општина Новаци, значително ќе се олесни пристапот на земјоделците до обработливите површини.Општината ќе се залага да се обезбеди проодност до обработливите површини во сите села од општина Новаци.

## РЕДОВНО ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОДВОДНИТЕ И ДОВОДНИТЕ КАНАЛИ ПОКРАЈ РЕКА ЦРНА, НИЗ НОВАЧКО ПОЛЕ.

## ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ:

Општината ќе го поддржи формирањето на земјоделските задруги, поради подобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и олеснување на пласманот на нивните производи, во насока на обезбедување на основни услови за работа и функционирање;

## ПРОМОЦИЈА И ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА СОБИРАЊЕТО И ТРЕТМАНОТ НА САМОНИКНАТИТЕ РАСТЕНИЈА:

Шумските плодови, чаеви и другите самоникнати растенија со кои изобилува Новачкиот регион, се сè повеќе барани на пазарот. Оттаму, Општина Новаци во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го промовира и популаризира ваквото производство.

## ИЗГРАДБА И САНАЦИЈА НА МИНИ-БРАНИ И ВОДОСОБИРНИЦИ ВО СЕЛАТА: ГРУМАЗИ, ДОЛНО ОРЕХОВО, АРМАТУШ, ЖИВОЈНО И ГНЕОТИНО:

Ќе направиме брани и водособирници во следните населени места на територијата на Општина Новаци по барање на жителите: Грумази, Арматуш, Живојно, Долно Орехово и Гнеотино. Со изработката на мини акумулации покрај тоа што ќе обезбедиме вода за напојување на добитокот, ќе обезбедиме вода за наводнување на дел од земјоделските површини;

## ИЗГРАДБА НА ВОДОПОИЛО ВО С.ЖИВОЈНО И САНАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ;

## ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА БРАНА НА РЕКА ЕЛЕШКА ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ;

## РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ВОДОВОДОТ ВО С.ГРУМАЗИ.



# 11. СПОРТ И МЛАДИ

Физичкото образование и спортувањето се неопходни во развојот на човекот за негов нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети.

Рекреативниот спорт исто така овозможува развој на индивидуите и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните.

ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на унапредување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во Општина Новаци, затоа што младите се столбот врз кој се гради нашата сегашност и иднина. Приоритетни цели кои сакаме да ги исполниме се: влијание врз едукацијата на младите на локално ниво, активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на локално ниво, како и вклучување на младите во европските процеси.

Во следните четири години ќе ги реализираме следните проекти:

## ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ-ПАРК, ПАТЕКА ЗА АДРЕНАЛИНСКИ СПОРТОВИ И ФИТНЕС СПРАВИ ВО СКЛОП НА СПОРТСКАТА САЛА И ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО НОВАЦИ:

Во склоп на спортската сала ќе направиме целосно партерно уредување на просторот. Покрај другите содржини, ќе изградиме скејт-парк и патека за адреналински спортови и фитнес справи. Со тоа ќе извршиме комплетно уредување на овој простор наменет за спорт и рекреација;

## ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА НОВАЦИ – ДОБРОМИРИ:

Ќе се изгради велосипедска патека помеѓу населените места Новаци и Добромири во должина од 3 км. Од причина што фрекфренцијата на пешаци и велосипедисти помеѓу населените места Новаци и Добромири е доста голема, а со цел зголемена безбедност во сообраќајот и јакнење на спортскиот дух кај младите, планираме изградба на оваа велосипедска патека како одлично место за спорт и рекреација:

## ПОКРИВАЊЕ НА ТРИБИНАТА НА СТАДИОНОТ НА ФК НОВАЦИ;

- **ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОТВОРЕНИТЕ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ КАКО И ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА;**
- **СУБВЕНЦИИ ЗА ИНДИВИДУАЛНИ И ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАТОПЛУВАЊЕ (ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ) НА СПОРТСКАТА САЛА ВО НОВАЦИ;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ КАДЕШТО ИМА ФУДБАЛСКИ КЛУБОВИ; ОДНОСНО ОГРАДУВАЊЕ НА ТЕРЕНИТЕ КОИШТО ГИ КОРИСТАТ ФУДБАЛСКИТЕ КЛУБОВИ ОД ОПШТИНА НОВАЦИ;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НОРМАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ФУДБАЛСКИТЕ КЛУБОВИ ВО ОПШТИНАТА;**
- **ОРГАНИЗИРАЊЕ ВЕЛОСИПЕДСКИ ТУРИ ВО МАРИОВСКИОТ ДЕЛ ОД ОПШТИНАТА;**
- **ОРГАНИЗИРАЊЕ ЏИП ТУРИ НИЗ МАРИОВСКИОТ ДЕЛ ОД ОПШТИНАТА;**
- **ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТУРНИРИ ВО МАЛ ФУДБАЛ;**
- **ИНВЕСТИЦИИ ВО СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА;**
- **ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ СОЈУЗИ;**
- **ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРКОВИ СО ЗАБАВНИ РЕКВИЗИТИ ВО СЕЛАТА: НОВАЦИ, БАЧ, ЖИВОЈНО, ДОБРОМИРИ И РИБАРЦИ.**
- **ВО НОВИОТ МАНДАТ ЌЕ ИЗГРАДИМЕ ДЕТСКИ ПАРКОВИ СО ЗАБАВНИ РЕКВИЗИТИ ВО СЕЛАТА ДОЛНО АГЛАРЦИ, НОВАЦИ, БАЧ, ЖИВОЈНО, ДОБРОМИРИ И РИБАРЦИ, СО ШТО НА НАЈМЛАДИТЕ ЌЕ ИМ СОЗДАДЕМЕ НОВИ КАТЧИЊА ЗА ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА.**



# 12. ТУРИЗАМ

Потенцијалите на Општина Новаци и Мариовскиот регион, се неограничени за развој на селскиот туризам. Прекрасните предели на Кајмакчалан, бистрите реки и огромните водени ресурси, богатството со дивеч, меморијалните споменици, старите цркви и манастири се само мал дел од уникатноста која ја има овој крај.

Наша основна цел што повеќе да привлекуваме домашни и странски туристи, за што ќе бидат преземени одделни активности и проекти:

## ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА

**за развој на алтернативен туризам** и преземање на активности за промоција и поддршка на развојот на селскиот туризам во Мариово;

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАБЛИ, ПАТОКАЗИ, ОБЛЕЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПАТЕКИ:

Ќе продолжиме со поставувањето на табли и патокази за да се обележат сите позначајни природни реткости и убавини: водопади, реки, кањони и друго, како и сите историски знаменитости во општината.Паралелно ќе продолжиме со означување и мапирање на нови туристички патеки со цел нивна полесна достапност за посетителите;

## ТУРИСТИЧКИ ИНФО ЦЕНТАР ВО СКЛОП НА ОПШТИНА НОВАЦИ:

Ќе се основа туристички инфо-центар, во кој обучен општински туристички водич ќе ги запознава туристите со знаменитостите на општината, нејзините туристички локалитети, како и со останатите информации за Општина Новаци. На тој начин ќе се овозможи активно промовирање на нашата општина како привлечна и интересна дестинација за туристички престој, преку навремено и квалитетно информирање на гостите-туристи во општината за понудата на локална и традиционална храна, сместувачките капацитети и туристичките локации.

## ИЗГРАДБА НА НОВИ СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ ПО ПАТ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО:

Ќе овозможиме изградба на нови сместувачки капацитети и оспособување и опремување на постоечките сместувачки капацитети во: касарната во Скочивир, како и во Старавина и Паралово. Преоктот ќе се реализира преку моделот на јавно приватно партнерство;

## РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ:

Ќе го развиваме руралниот туризам преку користење на отворените линии од европските фондови, програмата ИПАРД за поттикнување и развој на овој вид туризам,ИПА за прекугранична соработка Македонија- Грција и Македонија – Албанија, со што ќе помогнеме да се развие инфраструктурата и да се задржи уникатноста на нашите рурални средини:

## ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ШУМСКА ПАТЕКА ОД СЕЛО ЗОВИЌ ДО МОСТОТ;

## УРЕДУВАЊЕ НА КАПАЛИШТЕ ВО С. ЗОВИЌ И С. ГРАДЕШНИЦА;

## СУБВЕНЦИИ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА КУЌИТЕ ВО МАРИОВСКИОТ ДЕЛ ОД ОПШТИНАТА:

Жителите кои поседуваат куќи во Мариовскиот дел од општината а со цел развој на руралниот селски туризам ќе бидат субвенционирани од страна на Општина Новаци за реконструкција и рехабилитација на автентичните мариовски куќи и нивна пренамена во сместувачки капацитети со цел привлекување домашни и странски туристи ( Рапеш, Маково, Зовиќ, Будимирци, Градешница, Старавина).



# 13. КУЛТУРА

Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура. Културата е трајна и се надградува. Затоа ВМРО – ДПМНЕ ќе продолжи да го развива актуелното творештво и да го заштитува културното наследство. Во тој контекст, Општина Новаци се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност.

Ќе настојуваме нашата општина да биде пошироко препознатлива дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување преку:

- Негување и поддршка на традиционалните и современи вредности на селата од општината, како и презентација на културата во странство преку гостувања на КУД од Новаци;
- Достојно одбележување на настани и личности од нашето културно – историско минато, вклучувајќи спомен-обележја;
- Афирмација и стимулација на литературното творештво преку литературни конкурси – тематски одредени и насочени со дефинирани содржини.

## КУЛТУРНО ЛЕТО НОВАЦИ:

Ќе ја финансираме и афирмираме манифестацијата Културно лето Новаци;

## ПОДДРШКА ЗА САНАЦИЈА И ДОГРАДБА НА ЦРКВИ:

Во рамките на своите законски надлежности општината ќе ја помага санацијата и доградбата на црквите во сите села од општината каде има цркви и манастири;

## РЕДОВНО ПОМАГАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ И КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИТЕ ДРУШТВА:

- Пелагониски културно – научни средби;
- Редовна поддршка на сите жители на Општина Новаци кои имаат афинитети кон убавиот пишан збор за издавање на книги.

# 14. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Согласно надлежностите кои ги има општината, заради обезбедување на сигурност и заштита на граѓаните од Општина Новаци, ќе ги преземеме следните активности:

### УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ:

Усвојување на план за заштита и спасување со кој ќе се предвиди унапредување на соработката со Територијалната противпожарна единица од Битола и со Центарот за управување со кризи и НВО;

### ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО ЗА ОПШТИНА НОВАЦИ:

Општината во соработка со меѓународни донации, општини од странство, од сопствени средства и во соработка со Владата на Република Македонија, ќе обезбеди финансиска и техничка поддршка за формирање на Противпожарно Друштво како потреба од општ карактер за сите населени места;

### ПРОТИВПОЖАРНА ЕДУКАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ:

Едукација на граѓаните од Општина Новаци за преземање мерки за спречување појави на пожар и навремено информирање;

### ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ХИДРАНТИ:

Одржување на постоечките противпожарни хидранти и поставување на нови во населените места каде сè уште не се инсталирани.

# 15. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Еден од приоритетите на ВМРО-ДПМНЕ за локалната власт ќе биде унапредување, интензивирање и продлабочување на веќе воспоставената соработка со општините од други држави и воспоставување на меѓународна соработка со нови општини и градови. Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- **АКТИВНО УЧЕСТВО СО АПЛИКАЦИИ ВО ПРОЕКТИ НА ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА, МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА И МАКЕДОНИЈА – АЛБАНИЈА;**
- **ЗБОГАТУВАЊЕ И ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО НАШИТЕ ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ;**
- **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ КОНТАКТИ СО ЦЕЛ ЗБРАТИМУВАЊЕ СО НОВИ ОПШТИНИ;**
- **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО ДИЈАСПОРАТА.**

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*